Бр./Nr 12-1124/7
21-07-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 35-та седница одржана на 16.07.2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот бр. 12-1124/1 од 11.03.2026 година, оформен по доставена пријава против лицето ---- – Директор на СОУ "---- " Кочани, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување по предметот. За предметниот случај во тек е постапка пред друг надлежен орган (Основен суд ----).

Предметот со бр. 12-1124/1 од 11.03.2026 година да се затвори и архивира

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 11.03.2026 година, поднесена е пријава против лицето ---- – Директор на СОУ "---- " ---- и оформен е предмет бр. 12-1124/1 од 11.03.2026 година.
Подносителот на пријавата укажува дека бил во работен однос како наставник по група економски предмети во СОУ "---- " ---- (понатаму: Училиште), од мај 2019 година до август 2025 година, со стаж од 5 години и 8 месеци. Доставил барање за трансформација на работниот однос од определено на неопределено време до лицето ---- – Директор на училиштето (понатаму: Директор), на ден 21.02.2023

година, 28.12.2023 година и 25.04.2024 година, но неговите документи не биле испратени до Комисијата за трансформација во Општина ----. Во меѓувреме, биле трансформрани работните односи на група колеги со помалку стаж од подносителот. Подносителот поднел тужбено барање за трансформација на работниот однос до Основен суд ---- на ден 21.07.2025 година, којштo бил во тек, но Директорот единственото слободно работно место по економски предмети го трансформирал од определено на неопределено време на лице со стаж од 2 години и 4 месеци на ден 14.01.2026 година.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Основен суд ---- и Државниот инспекторат за труд, а подоцна и ургенција за прибирање информации до Државниот инспекторат за труд.
Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:

Основениот суд ----, известува дека по поднесена тужба од подносителот, по основ трансформација на работен однос е оформен предмет под Ро.бр. ---- и во истиот од страна на судечкиот судија кој постапува по цитираниот предмет се превземени дејствија. Последното превземено дејствие од страна на судот е закажување на ново рочиште за главна расправа за ден ----.2026 година во 09.00 часот на кое рочиште треба да се изведат докази со распит на странките.

Државниот инспекторат за труд, известува дека во однос на наводите за неправилности и недостатоци во трансформацијата на спорниот работен однос нема да се постапува од негова страна, бидејки е заведен судски спор пред надлежен суд.
Дополнително, во прилог на дописот, инспекторатот до ДКСК доставил Покана за распит на странки до подносителот во својство на тужител, и до училиштето во својство на тужен, по основ - Трансформација на работен однос од определено на неопределено време, со која се закажува рочиште на ден ----.2026 година во 9 часот со судница бр.49 Основен суд ----. Ро-----.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување по предметот, односно дека за предметниот случај во тек е постапка пред друг надлежен органи (Основен суд ----).

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: m-r S.D. Член/Anëtar

Доставено до:
- подносителот на пријавата